**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставовите 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**УКАЗ**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВНА ИНСПЕКЦИЈА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за управната инспекција, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 3 Ноември 2015 година

Бр. 08-5155/1
3 Ноември 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорѓе Иванов**, с.р.

Претседател
На Собранието на Република
Македонија
**Трајко Вељаноски**, с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВНА ИНСПЕКЦИЈА

**Член 1**

Во Законот за управната инспекција ( Службен Весник на Република Македонија бр.69/2004, 22/2007, 115/2007, 51/11, 164/13, 41/13, 164/13, 41/14 и 33/15), во членот 22 став 1 зборовите: „7.500 до 15.000" се заменуваат со зборовите „5.000 до 10.000".

Во ставот 2 зборовите: „3.000 до 6.000" се заменуваат со зборовите: „ 2.000 до 4.000".

Во ставот 3 зборовите: „1.500 до 3.000" се заменуваат со зборовите: „ 2.000 до 4.000".

Во ставовите 4,5 и 6 зборовите:„3.000 до 6.000" се заменуваат со зборовите:„ 2.000 до 4.000".

**Член 2**

По членот 22 се додаваат два нови члена 22-а и 22-б, кои гласат:

Член 22-а

За прекршоците од членот 22 од овој закон, управниот инспектор е должен на сторителот на прекршокот да му издаде прекршочен платен налог согласно со Законот за прекршоци.

Управниот инспектор е должен да води евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки.

Во евиденцијата од ставот (2) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следниве податоци име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште , седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог и за исходот од постапката.

Личните податоци од ставот (3) на овој член се чуваат пет години од денот на внесувањето во евиденцијата.

Формата и содржината на прекршочниот платен налог ги пропишува министерот за информатичко општество и администрација.

Член 22-б

За прекршоците утврдени со овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

**Член 3**

Подзаконскиот акт утврден со овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 4**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Весник на Република Македонија“.